# Профил

# Општина Велес

**Велес 2008**

**Прибирање,  статитистичка обработка и обликување на податоците**

**Одделение за локален економски развој информатичка техноогија**

**Општина Велес**

**Панко Брашнар бр.1**

**Март 2008**

**Лидија Пљакова**

**Анастасовски Александар**

## Вовед

За процесот на Планирањето и управувањето со општината од особено значење е располагањето со податоци за постоечките услови и состојби во општината.

Квалитетот на планирање зависи природно од квалитетот на достапните податоци.

Профилот на Општината – е преглед на постоечките услови и услуги во општината кој треба да помогне во процесот на стратешкото планирање.

Истиот ќе помогне во планирањето, преку овозможување на систематски преглед на условите во општината вклучувајќи ги локалните предности и ресурси за идниот развој, како и преку обезбедување на податоци за локалните проблеми кои треба да се подобрат со планирањето на развојот.

Профил содржи клучни податоци за Велес во кој се претставени позитивните потенцијали и развојните капацитети во општната , но и податоци кои ги претставуваат проблемите со кои се судира Општина Велес.

Податоците и соодветните анализи ги презентираат развојните потенцијали како и акутните проблеми.Поголем коментар за извршените анализи не е дадена и понатамошмите заклучоци им се препуштаат на работното тело за изработка на Стратегија за развој на Општина Велес.

## 1.1 ИСТОРИСКИ ФАКТИ

Велес, како урбана населба постои од 168 год. п.н.е. Во текот на историјата градот често го менувал името од Вила Зора, преку Ќупурли до Велес. Денешното име го добил во VII век со доаѓањето на Словените на Балканот, од словенското ВЕЛЕС што значи в шума (заради густите шуми што го опкружувале).

Во Велес се отворени првото училиште на македонски јазик, првата гимназија, првиот театар, правата библиотека, првиот музеј и првото музичко училиште. Меѓу зачуваните средновековни споменици најпознат е манастирот Св.Димитрија (XIV век), а како архитектонска вредност, најпознатa е црквата Св.Пантелејмон (XIX век)

Гордо издигнат над Таорската клисура, како пулс на животот во Центарот на Македонија, Велес ги чува во тишина сите огнови на балканските и светските војни, сите револуционерни движења, сите свои авангарди, својот еснаф, индустриската експанзија, автентичноста на културата и сите симболи на непокорниот дух на еден народ. Во историските записи врежан како град што го создале пајонските племиња во римскиот период, Велес сеуште ги интригира научниците со артефактите од бројните археолошки локалитети, некои од нив стари 70.000 години.

Каменот на древното „Кале“ во студенилото чува топли спомени за времиња бурни како водите Вардарски, мирни, како зајдисонцата над Велес. Тој древен камен ги ткае над просторот приказните за своето раѓање во 168 година п.н.е., за античките Македонци, за Римјаните, за првите Склавинии што овде во IV век ги создале словенските племиња.

Овде на оваа Балканска крстосница, бијат дамарите на најеснафскиот град во Македонија, расте градот на најголемиот меѓу поетите, живее градот на Рацин чии стихови ја кршат тишината на кепенците и вревата на сокаците, како најтопла покана за секој намерник што патот го донел овде во срцето на Македонија.

Најголеми туристички атракции во Општината се локалитетот Бреза и локалитетот Пешти кој изобилува со пештери (со археолошки остатоци од неолитот, ранохристијански пештери).

Во Општина Велес има 7 основни и четири средни училишта , два факултет, спортско игралиште, спортска сала, базен, театар, музеј, библиотека, кино-сала, десет цркви и манастири и џамија.

Од осамостојувањето на државата 8 септември 1991 година Велес се соочи со многу кризи. Стопанството, големите капацитети со стари и

непродуктивни технологии не ја издржаа конкуренцијата на пазарот. Социјалните стеги, падот на стандардот, невработеноста се сеуште проблем со кој се соочува најградот од XIX век. Но неговата рехабилитација отпочна.

Градот Велес почнува да го живее новото време. Се реализираат во него нови проекти, еколошки, развојни, културни. Се афирмира во земјата и светот со културните дострели, со своето минато и визионирана иднина. Се уредуваат и градот и неговата околина.

Во секој дел од времето во секоја епоха има творци кои можат да ја сочуваат неговата историја. Создавајќи вредности за себе велешани го оставаат во наследство на идните генерации градот, реката, градбите, се оставаат себеси во местото кое е единствено нивно и единствено родно, татково.

Тој во првиот век на III милениум, на местоположбата што му ја одредиле нашите предци, денес има околу 55.000 жители. Раководењето со Општината го одлучуваат граѓаните на демократски, повеќепартиски избори. На чело на локалната власт е градоначалник и Совет на Општината. Развиената мрежа на невладини организации ги определува насоките и потребите на граѓаните во остварување на посебните потреби. Институционално граѓаните ги задоволуваат потребите од комуналната, образовната, здравствената и културната сфера. Стопанството го карактеризира акционерство и приватен капитал.

Во градот на многу суптилен начин се надополнува старата градска архитектура со новите современи градби, симболите на традицијата со потребите на новото време. Потребите за развој и инвестирање ги има секаде - од оние кои значат егзистенција, стопански развој - вработување, комунално уредување и култура.

Насоките поставени за реализирање на нејзиниот економски развој и проектите од сите области на живот пред се се насочени кон обезбедување здрава животна средина за велешани.

Спомениците на минатото во Велес, црквите “Св.Пантелејмон” и “Св.Спас”, Саат Кулата, Џамијата се наша гордост. Се гордееме и со сочуваната стара градска и европска архитектура, а го имаме и Малото мовче, најстариот спој на бреговите и на животот.

Поствоениот период во развојот на Велес најавува негова нова цивилизациска експанзија. Видливо е неговото продолжување на културните традиции во сите области на уметноста - литературата, музиката, сликарството. Образовниот просек на велешани е далеку од оној затечен по ослободувањето на градот. И спортскиот живот, организиран во спортски клубови на масовните спортови доживува неверојатен подем.

Распадот на поранешна Југославија, прилагодување на Македонија

кон плуралистичкиот и политички живот се одрази во севкупните состојби на градот. Младата македонска држава, сонот на плејадата борци од изминатите векови, споменати во оваа книга и многу застапени само во идејата, а не и со своето име, беше остварен.

Полека, во изминативе 12 години самостојност, започна да се нормализира животот во Велес. Со свои сопствени сили, но и со помош на меѓународни и домашни донации Велес добива димензија на современ и модерен град. Се инвестира во неговото инфраструктурно уредување, во заштитата на спомениците од минатото, во развојот на нови културни дострели.

Се родија во Велес и ја обележија втората половина на 20 век, нови имиња во областа на науката, литературата, уметноста. Нивните придобивки градот ќе ги памети и ќе ги внесе во својот историски бележник, но со исто толку гордост и достоинство ќе ги чува во својата историја луѓето кои не потекнуваат од него, а несебично се вградија и се уште вложуваат во него. Таа комбинација од велешани кои низ светот го величеа неговото име и луѓе кои Велес го чувствуваат за свој ја формира сликата на неговите почесни граѓани.

Составот на почесните граѓани на Велес покажува дека подеднакво му се важни на градот и на велешани сите области од животот и сите луѓе. Уште еднаш и на овој начин ја покажува својата отвореност кон светот и својата космополитност.

А таа негова широчина се изразува и преку трите меѓународни манифестации што се одржуваат во него: “Рациновите средби” со четириесет годишна традиција, Фестивалот на античка драма “Стоби” и Фолклорниот фестивал “Велес”. На полето на ликовната уметност во градот се одржуваат две меѓународни ликовни манифестации: ликовна колонија - еко арт и сликарска колонија - мал формат.

Сепак најголем континуитет во развивањето на културното опстојување на градот има театарот. Првите театарски обиди на ЈХК-Џинот денес ги издигнуваат до вистински маестрални достигнувања во оваа област актерите на театарската куќа што го носи неговото име.

Секое време, секој век, секоја генерација реди, вградува, ѕида на темелот поставен пред повеќе од 23 века. Затоа градбата со име Велес е толку лична, толку моќна и достоинствена, затоа гордо го чува своето име и имињата на своите градители.

## 1.2 Географска положба и локација

Велес е сместен во централниот дел на Р.Македонија, со позиција на 41. 43' г.ш. и 21. 46' г.д., на надморска височина од 150 до 260 метри и со површина на целата велешка околија од 1552 км2 . Самата општина Велес зафаќа површина од 464, 5 км$^2$ км2 или Географската поставеност на градот е многу поволна и нуди цела низа позитивни околности.

Се наоѓа во централниот дел на Р.Македонија, во средното течение на реката Вардар. Од сите страни е заградена со ниски ридови ,кои ја одвојуваат од Овче Поле на исток и од Хашката Котлина на запад.Така, на запад се ридовите Гроот (675м) и Баир (461м), додека на исток се Св. Илија (565м), Кршла (420м) и Барјаче(448м).На север преку Таорската клисура на реката Вардар е поврзана со Скопската котлина, додека на југ со Велешката клисурра е поврзана со Тиквеш. Котлината се протега на надморска височина од 165м. Зафаќа површина од 47км2. Во јужниот дел на Велешката Котлина е лоциран градскиот центар Велес.

Стариот дел има амфитеатрален облик, со куќи распоредени по долинските страин на двата брега на Вардар, додека новиот дел се шири надвор од клисурата ,од десната страна на реката.Лежи на главната сообраќајница на Балканскиот Полуостров по Моравско - вардарската долина, а низ градот минува и главната железница во Р.Македонија од која се одделуваат два крака: едниот за источниот дел од Македонија (Штип и Кочани) и другиот за југозападниот дел од Македонија (Прилеп и Битола).Со тоа, по Скопје, Велес е најважниот јазол во Р.Македонија.

## .2.1 Поврзаност со други и клучни региони и близина на граници

Велес Припаѓа на вардарскиот регион. и се наоѓа на главниот коридор север-југ на балканот. Покрај Општина Велес минува главниот автопат Е – 75, кој истата ја поврзува со сите поголеми градови во Македонија, Скопје; Куманово; Прилеп; Битола; Штип и други; како и со градовите во соседните држави. Всушност Велес претставува една од главните крстосници во Македонија, како во друмскиот сообраќај така и во железничкиот сообраќај. Таа претставува значеан сообраќаен јазол каде што се вкрстуваат најважните патни и железнички сообраќајни правци на меѓународниот сообраќаен коридор кој ја поврзува Европа со Блискиот Исток и Северна Африка. Поради тоа сообраќајната инфраструктура има битно значење за долгорочниот стопански развој на општина Велес. Низ подрачјето на општината поминуваат магистрални, регионални и локални патни правци. Градот Велес и општината како целина, се поврзани со државната и меѓународната патна мрежа преку патните правци од

меѓународно и национално значење Табановце-Скопје-Велес-Гевгелија и Делчево-Штип-Велес-Градско-Прилеп-Битола-Меџитлија (алтернативно Битола-Струга-Ќафасан).




Железничкиот сообраќај се одвива преку железничкиот систем на Република Македонија. Низ општината поминуваат железничките правци:

- магистралната пруга Табановце-Скопје-Велес-Гевгелија,
- пругата Велес-Прилеп-Битола и
- пругата Велес-Штип-Кочани.

Поврзаноста на Општина Велес со аеродромот во Петровец е преку автопатот Е - 75.

Табели со растојанија (во km и време на возење со автомобил, пр.1ч и 30мин) од Велес до други поголеми општини и соседни држави.

| | km | Време на патување |
|---|---|---|
| Скопје | 55 km | 45 min |
| Прилеп | 79 km | 1 h и 30 min |
| Битола | 120 km | 2 h |
| Гевгелија | 106 km | 1 h и 30 min |
| Гостивар | 115 km | 2 h и 30 min |
| Тетово | 90 km | 1 h и 15 min |
| Куманово | 61 km | 50 min |
| Струга | 195 km | 3 h и 30 min |
| Струмица | 113 km | 2 h |
| Охрид | 180 km | 3 h |

| | km | Време на патување |
|---|---|---|
| Софија | 281 km | 3h и 30 min |
| Солун | 178 km | 2 h |
| Тирана | 180 km | 2h |
| Ниш | 350 km | 4 h и 30 min |
| Белград | 479 km | 5 h |
| Игуменица | 648 km | 7h и 30 min |

## 1.3 Население и населени места

### Број на население и големина на Општина Велес

Според податоците од Заводот за статистика , на територија на општината живеат вкупно 55.108 жители, од кои мажи 27 632 и жени 27 476. Според големината пред Општина Велес е на осмо место во Републиката. Пред Општина Велес се Општина Скопје, Прилеп, Битола, Куманово, Тетово, Гостивар и Струмица.

### 1.3.1 Вкупно население, домаќинства и станови во Велес

*Извор( Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија , 2002 книга XIII) Државен завод за статистика*

**Табела 1 Вкупно население, домаќинства и станови во Велес**

| Вкупно население | Домаќинства | Станови(сите видови живеалишта) |
|---|---|---|
| 55108 | 16959 | 20717 |

### 1.3.2 Вкупно население според петогодишни групи на возраст, по пол-вкупно

Табела 2 Вкупно население според петогодишни групи на возраст, по пол-вкупно

| Вкупно | Возрасни групи | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0-4 | 5-9 | 10-14 | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 |
| 55 108 | 2824 | 3230 | 4030 | 4426 | 4409 | 3903 | 3770 | 4136 | 4359 |

| Возрасни групи | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65-69 | 70-74 | 75-79 | 80-84 | 85+ | Непозната возраст |
| 4314 | 3814 | 2877 | 2792 | 2646 | 1849 | 1077 | 463 | 183 | 6 |




Табела 2а Вкупно население според петгодишни групи на возраст, по пол мажи

| Вкупно | Возрасни групи | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0-4 | 5-9 | 10-14 | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 |
| 27 632 | 1446 | 1676 | 2103 | 2262 | 2231 | 2003 | 1931 | 2082 | 2199 |

| Возрасни групи | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65-69 | 70-74 | 75-79 | 80-84 | 85+ | Непозната возраст |
| 2238 | 1949 | 1447 | 1307 | 1239 | 789 | 442 | 206 | 81 | 1 |




Табеларен приказ на број на родени деца по години во град и села

*( извор Детска превентивна заштита со развојно советувалиште ЈЗУ Здравствен Дом Велес)*

| година | град | село | Вкупно град и село |
|---|---|---|---|
| 1997 | 495 | 129 | 624 |
| 1998 | 432 | 136 | 568 |
| 1999 | 497 | 123 | 620 |
| 2000 | 470 | 158 | 628 |
| 2001 | 495 | 104 | 599 |
| 2002 | 454 | 116 | 570 |
| 2003 | 449 | 125 | 574 |
| 2004 | 463 | 104 | 567 |
| 2005 | 410 | 94 | 504 |
| 2006 | 420 | 105 | 525 |
| 2007 | 399 | 111 | 510 |



**Број на деца од 0-6 години во град и села по години**

| година | град | села | Вкупно град и села |
|---|---|---|---|
| 2003 | 3292 | 891 | 4183 |
| 2004 | 3260 | 866 | 4126 |
| 2005 | 3238 | 824 | 4062 |
| 2006 | 3161 | 806 | 3967 |
| 2007 | 3090 | 759 | 3849 |

### 1.3.3 Вкупно население според изјаснувањето за националната припадност

*Извор( Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија , 2002 книга XIII) Државен завод за статистика*

Табела 3: Вкупно население според изјаснувањето за националната припадност

| Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 55 108 | 46 767 | 2299 | 1724 | 800 | 343 | 540 | 2406 | 229 |



### 1.3.4 Население во Велес по пол и писменост

*Извор( Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија , 2002 книга XIII) Државен завод за статистика*

Население во Велес на возраст од 10 и повеќе години , по пол и писменост

| се | | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|---|
| писмени | неписмени | писмени | неписмени | писмени | неписмени |
| 47 655 | 1399 | 24 104 | 406 | 23 551 | 993 |

### 1.3.5.Образовна структура на населението

Население во Велес на возраст од 15 и повеќе години, според школската подготовка

| **Школската подготовка на население на возраст над 15 год.** | Бр. На население |
|---|---|
| Без училиште | 1461 |
| Некомплетно основно образование | 6243 |
| Основно училиште | 12 401 |
| Средно училиште | 20 491 |
| Виша школа | 1553 |
| Висока школа, факултет , академија | 2770 |
| Магистратура | 40 |
| Докторат | 7 |
| Се уште во процесот на основно образование | 58 |
| Вкупно | **45 024** |




**Население на возраст од 15 и повеќе години, според активноста и по пол**

| | Економски активни и неактивни | Население од 15-65 години | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Се (1+2) | Вработени 1 | Невработени 2 | Економски неактивни (сред, студенти и др) |
| Вкупно | 22242 | 13831 | 9055 | 4776 | 8411 |
| Вкупно | 22578 | 10417 | 5646 | 4771 | 12161 |
| СЕ Вкупно активно | 44820 | 24248 | 14701 | 9547 | 20572 |

## Наталитет во Општина Велес

*Извор :( Државен завод за статистика Република Македонија во 2006 год)*

## Родени деца , живородени деца според пол, брачна состојба и место на раѓање

| Живородени | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно родени | Вк живородени | пол | | Брачна сосотојба | | Место на раѓање | | |
| | | Машки | женски | Во брак | Вон брак | Во здравствена установа | На др место | |
| | | | | | | | Со стручна помош | Без стручна помош |
| 547 | 534 | 270 | 264 | 476 | 56 | 529 | 0 | 5 |

## Живородени деца според возраст на мајката

| вкупн о | Под 15 год | 15-20 | 20- 24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 | 45-49 | 50 и повеќе | непозна то |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 534 | 1 | 34 | 169 | 204 | 96 | 28 | 2 | - | - | - |

Брачна сосотојба



## Умрени лица според возраста во 2006

| вкупн | Возраст | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | До 1 год | 1`-4 | 5-14 | 15-24 | 25-34 | 35-44 | 45-54 | 55-64 | 65-74 | Над 75 | непознато |
| 551 | 6 | 1 | 1 | 2 | 1 | 9 | 50 | 78 | 162 | 241 | - |



| Умрени според причините за смртта (болест) | Бр.умрени |
| --- | --- |
| Болести на циркулаторниот систем | 355 |
| неоплазми | 99 |
| Симптоми Знаци И ненормални Клинички наоди, некласифицирани на др место | 11 |
| Ендокрини,нутритивни и метаболични болести | 24 |
| Болести на респираторниот систем | 19 |
| Повреда труење ид р одредени последици од надворепни причини | 13 |
| Болести под дигестивниот систем | 13 |
| Болести на генитоуринарниот систем | 5 |
| Одредени сосотојби што настануватт во перинаталниот период | 4 |
| друго | 8 |
| **Вкупно** | **551** |



## Миграции

*Извор:Миграции 2006( Државен завод за статисктика)*

| доселени | | | | отселени | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вк доселени | Доселени од др општина | Доселени од др место во иста општина | Доселени граѓани во Р Македонија од др | Вк отселени | Отселени од др општина | Отселени од др место во иста општина | Отселени граѓани од Р Македонија во др држави |
| 138 | 108 | 25 | 5 | 211 | 183 | 25 | 3 |

### Доселени- отселени граѓани и миграционо салдо според полот во Општина Велес

| Доселени | | | Отселени | | | Миграционо салдо | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Машки | Женски | Вкупно | Машки | Женски | Вкупно | Машки | Женски |
| 108 | 29 | 79 | 183 | 52 | 131 | -75 | -23 | -52 |



### 1.3.7 Населени места во Општина Велес

Општина Велес ја сочинуваат градот Велес и 28 населени места и тоа: Башино село, Белештевица, Бузалково, Ветерско, Горно Каласлари, Горно Оризари, Долно Каласлари, Долно Оризари, Иванковци, Карабуњиште, Крушје, Кумарино, Лугунци, Мамутчево, Новачани, Ново село, Оравец, Отовица, Раштани, Рлевци, Рудник, С' лп, Сливник, Сојаклари, Сопот, Црквино, Чалошево и Џидимирци.

### 1.3. 8 Урбани и месни заедници

Согласно Законот за локална самоуправа досегашните месни заедници се организираат како урбани заедници (во градот) и месни заедници во населените места во општината.

За да може да се организираат за решавање на заедничките потреби на граѓаните, мора точно да се утврди опфатот на урбаните и месните заедници, па дури потоа да пристапи кон формирање на Совети на урбани заедници и Совети на месните заедници.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 23.05.2005 година, донесе Одлука за определување на опфатот на постојните урбани заедници во градот и месните заедници во населените места.

Со оваа Одлука се утврдува опфатот на постојните урбани заедници во градот и месните заедници во населените места согласно Генералниот урбанистички план за град Велес.

Урбани заедници кои што се постојни во градот се вкупно 14, а додека месни заедници кои што постојат во населените места се 19, вкупно 33.

**Урбани заедници во градот се:**

| **Р:бр** | **Урбана заедница** | **Адреса** |
|---|---|---|
| 1 | **„Васа Кошулчева“** | ул.Енгелсова бр.5/11 |
| 2 | **„Родна Ивева“**, | ул.Скопски пат бр.2 |
| 3 | **„Димче Мирчев“** | ул.Ѓорѓи Димитров бр.104 |
| 4 | **„Богдан Каракостев“** | ул.Ѓорѓи Димитров бр.104 |
| 5 | **„Трајче Панов“** | ул.Петре Алчев бр.59 |
| 6 | **„9-ти Ноември“** | ул.Љубљанска бр.16 |
| 7 | **„Алексо Демниевски“** | ул.Белградска бр.1 |
| 8 | **„Славе Петков“** | ул.Владимир Назор бр.98 |
| 9 | **„Трајко Капчев“** | ул.Боге Николов бр.2 |
| 10 | **„Шорка“** | ул.Вељко Влахов бр.5 |
| 11 | **„Керамидна“** | ул.Мите Богоевски бр.4 |
| 12 | **„Тунел“** | ул.Роса Плавева бр.20 |
| 13 | **„Мирка Гинева - Превалец“** | Н.Превалец |
| 14 | **„Дурутовец“** | Н.Дурутовец |

| Р: бр | Месни заедници по населени места | |
|---|---|---|
| | | |
| 1 | **„Башино село** | с.Башино село |
| 2 | **„Бузалково“**, | с.Бузалково |
| 3 | **„Горно Оризари“**, | с.Горно Оризари |
| 4 | **„Долно Караслари“**, | с.Долоно Караслари |
| 5 | **„Иваковци“**, | с.Иванковци |
| 6 | **„Кумарино“** | с.Кумарино |
| 7 | **„Мамутчево“**, | с.Мамутчево |
| 8 | **„Отовица“**, | с.Отовица |
| 9 | **„Ораовец“**, | с.Ораовец |
| 10 | **„Раштани“** | с.Раштани |
| 11 | **„'Рлевци“**, | с.Рлевци |
| 12 | **„Рудник“**, | с.Рудник |
| 13 | **„Сливник“** | с.Сливник |
| 14 | **„С'лп“** | с.Слп |
| 15 | **„Сујаклари“**, | с.Сујаклари |
| 16 | **„Црквино“** | с.Црквино |
| 17 | **„Чолошево“**, | с.Чолошово |
| 18 | **„Цидимирци“**, | с.Цидимирци |
| 19 | **„Новачани“**. | с.Новачани |

**Природни ресурси**

Богатството на природните ресурси( води, чешми, реки, руди, минерални суровини) се само предност на општината. Општина Велес ги опфаќа подрачјата на поголемите водотеци Бабуна, Тополка и Отавица кои заеднички припаѓаат на сливот на реката Вардар.

Геолошкиот состав , слабиот вегетациски покривен слој и неправилното користење на земјшитето предизвикале голем дел од општината да биде зафатен со ерозивни процеси.

Вкупната годишна продукција на ерозивен нанос изнесува 688 000 мі. Ерозивните процеси предизвикуваат голема загуба на плодно земјиште, осиромашување на подлогата и појава на оголени, суви и ненаселени предели.

Шумите се национални природни ресурси .Општината располага со 40% дабова шума, 50 % букова шума, 10 % пошуменост со црн бор. Овие шуми служат за спречување на ерозијата, за смена на микроклиматските влијанија( во летниот период ја намалуваат температурата за 5 %, а во зимскиот на зголемуваат за 5%). Според категоризацијата општината е средно пошумена. Најголема пошуменост има по течението на реките Бабуна и Тополка. Нема позначајни појави на метални минерални суровини, додека состојбата со неметаличните суровини е многу поповолна.

### 1.4.1 Река Бабуна

Е прогласена за карактеристичен пејсаж од Советот на општина Велес, но се соочува со узурпација на државно земјиште на нејзиното крајбрежје и диво изградени викенд куќи кои ја нарушуваат животната средина што претставува голем проблем во општината.

Локалитетот „ Пешти ' кој се наоѓа на река Бабуна е живеалиште на белоглавиот орел кој е ендемичен вид и го нема на ниедно друго место на планетата. Друг ендемичен вид во регионот на општина Велес е и црниот штрк.

### 1.4.2 Езеро „ Младост"

Локалитетот на наоѓа покрај вештачката акумулација езеро „ Младост". Северно од градот. Сообраќајниот пристап е преку асфалтиран локален пат од правец на Велес кој оди по брегот на езеротот и минува низ

браната и продолжува до автопатот Скопје- Велес. Во рамките на локалитетот постои асфалтиран пат кој го поврзува локалниот пат со комплексот мотели . Локалитетот е поврзан со локалната 10 kw мрежа , до него постои телефонска мрежа.

## 1.5 КЛИМАТСКИ УСЛОВИ

Во општината владее континентална клима, со просечна годишна температуре од 12 до 15.Ц. Доминантни ветришта се од север и северозапад, со средна годишна брзина од 2 м/с. Просечна годишна количина на врнежи е 447 мм. Снежната покривка се задржува просечно по 12 дена во годината. Просечно годишно траење на сончевиот сјај изнесува 2 148 часови. Маглата не е честа појава и просечно ја има по 13 дена во годината.

## 1.6 ЗАШТИТЕНО ПРИРОДНО НАСЛЕДСТВО ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС

Заради зачувување и заштита на сите неповторливи простори (места) со исклучителни и неповторлицви природни вредности од значење за научната, културно-обрзовната, воспитната, рекреативната и други функции со општински одлуки заштитено е следното природното наследство:

### 1.6.1 СПОМЕНИЦИ НА ПРИРОДАТА

**ЗАШТИТЕНИ ПЛАТАНОВИ СТЕБЛА (Platanus orientalis)**

**(Службен гласник бр. 5/89)**

Платан "Сармаале" – 2 стебла

Платан "Којник"

Платан "Читкушова чешма"

Платан "Маалска чешма"

Платан "Саат кула"

Платан "Црква Свети Пантелејмон" – 2 стебла

Платан "Манастир Свети Илија"

Состоини од платан по долината на река Бабуна од орнитолошкиот резерват Пешти до вливот во река Вардар

Состоини од платан по долината на река Тополка од населба Превалец до вливот во река Вардар.

Целта на заштитата е зачувување на платановите стебла во општината во својата изворна состојба, спречување на секакви влијанија со кои непосредно или посредно би можела да се измени нивната состојба и природен развој.

Заради заштита на платановите стебла како споменици на природата се пропишува следниот режим на заштита:

- се забранува секакво сечење на стеблата, сечење или кастрење на гранките;

- се забранува истакнување на соопштенија, некролози и реклами;

- се забранува палење на оган во непосредна близина на споменикот на природата;

- се забранува нарушување на интегритетот и природниот изглед на споменикот.

За превземање на било какви дејствија врз овие споменици на природата потребна е дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Локалитет Караслари**

**(Одлука бр. 08-361/82 од 29.04.1983г.)**

Палеонтолошки локалитет со фосилна фауна од 'рбетници од долна плиоценска старост. Според богатството на пронајдени фосилни цицачи овој локалитет може да се вброи во најголемите наоѓалишта досега откриени во светот.

Површината на заштитениот локалитет изнесува 70 хектари. На локалитетот се пропишува следниот режим на заштита:

се забранува градење на сите видови на градби;

се забранува фрлање на отпадоци на подрачјето на локалитетот и неговата непосредна околина;

се забранува превземање на какви и да било дејствија кои можат да го нарушат интегритетот и природниот изглед на локалитетот, освен одгледување на земјоделски култури.

**Карактеристичен Пејсаж**

**Езеро "Младост"**

(Службен гласник бр. 2/76)

Крајбрежјето и непосредната околина на езерото како природна реткост е прогласен за карактеристичен пејсаж, бидејќи по своите географски особености и творбите на човекот се истакнува од другата околина и има излетничко, рекреативно и друго значење.

**Локалитет Бабуна**

(Службен гласник бр. 6/01)

Со цел да се обезбеди заштита на постојната флора и фауна и зачувување на нивниот основен генетски фонд за натамошна репродукција локалитетот е прогласен за карактеристичен пајсаж.

**ПРЕДЛОГ-ЛОКАЛИТЕТИ ЗА ЗАШТИТА ДО 2020г.**

**СОГЛАСНО ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РМ**

ЈАКУПИЦА – Национален Парк

СЛИВ НА ТОПОЛКА – Научно-Истражувачки Природен Резерват

ПЕШТИ - Споменик На Природата

КОРИЦА – Споменик На Природата

ПАШИН МОСТ – Споменик На Природата

ПЕШТЕРА МАКАРОВЕЦ – Споменик На Природата

ПЕШТЕРА ЧЕТИРИ ВРАТИ – Споменик На Природата

## 1.7. ПРОФИЛ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

### 1.7.1 Организациска поставеност во ЕЛС (сектори и одделенија)

Сектор за правни, финансиски, општествени, развојни и општи работи и

Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина

- Одд. за правни, општи работи, човечки ресурси и месна самоуправа
- Одд. за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот
- Одд. за образование, култура, здрвство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓанни и фондации
- Одд. за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина
- Одд. за комунална инфраструктура
- Одд. за економски развој и информатичка технологија
- Одд. за инспекциски надзор
- Одд. за внатрешна ревизија

## 1.7.2 Општинска администрација




| Општинска администрација | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| државни службени | 40 | Образовна структура | | | | |
| технички персонал | 8 | ВСС | ВШС | ССС | Со III | Со II |
| вработени | 48 | 25 | 4 | 13 | 2 | 4 |

| | Општинска администрација | Совет | Територијална противпожарна единица |
|---|---|---|---|
| Број на жени | **24** | **7** | **0** |
| Број на мажи | **24** | **16** | **25** |
| Вк бр враб | **48** | **23** | **25** |

### 1.7.3 Јавни претпријатија и услуги во општината

| Р.бр | Јавни претпријатија | Вид на услуга |
|---|---|---|
| 1 | ЈКП ДЕРВЕН Велес (Број на корисници 14 300 (домаќинства) | комунални услуги: собирање, пречистување и дистрибуција на вода |
| 2 | ЈП ССО „ ПАРК СПОРТ “ Велес | Спорт и рекреација |

## 1.7.4 Буџети на Општина Велес

### Приходи и расходи 2006

| Буџет приходи 2006 | Планиран 2006 | Реализиран 2006 |
|---|---|---|
| тековно-оперативни приходи | 67.282.283 | 69.806.283 |
| наменски дотации | 36.493.460 | 36.493.460 |
| капитални дотации | 0 | 0 |
| трансфери | 54.680.622 | 47.944.463 |
| донации | 2.566.860 | 71.115 |
| приходи од самофинансир. активности | 36.618.900 | 36.618.900 |
| **Вкупни приходи** | **197.642.125** | **190.934.221** |



| Буџет расходи 2006 | Планиран 2006 | Реализиран 2006 |
|---|---|---|
| плати, наемнини и надоместоци за | 29.126.857 | 29.126.857 |
| резерви и недефинирани расходи | 1.000.000 | 1.000.000 |
| стоки и услуги | 112.274.151 | 112.574.031 |
| субвенции и трансфери | 6.416.000 | 6.116.000 |
| капитални расходи | 48.825.117 | 42.117.333 |
| **Вкупни расходи** | **197.642.125** | **190.934.221** |




**Приходи и расходи 2007**

| приходи | Планирани | Рализирани |
|---|---|---|
| - даночни приходи | 86.763.600 | 71.521.374 |
| - неданочни приходи | 42.583.424 | 32.558.921 |
| - капитални приходи | 764.814 | 1.102.664 |
| - трансфери и донации | 148.845.220 | 150.205.062 |
| **Вкупни приходи** | **278.957.058** | **255.388.021** |

**Буџет Општина Велес (планирани приходи 2007 година)**




| расходи | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| - плати наемнини надоместоци | 91.370.728 | 88.229.833 |
| - резерви и недефинирани расходи | 1.000.000 | 354.920 |
| - стоки и услуги | 128.526.399 | 107.775.706 |
| - субвенции и трансфери | 4.565.329 | 3.897.972 |
| -капитални расходи | 53.494.602 | 36.100.705 |
| **Вкупни расходи** | **278.957.058** | **236.359.136** |

**Буџет Општина Велес (планирани расходи 2007 година)**



## Буџетот на Општина Велес (планиран) за 2008 година

| **приходи** | **планирани** |
|---|---|
| - даночни приходи | 117.162.739 |
| - неданочни приходи | 49.604.280 |
| - капитални приходи | 10.400.000 |
| - трансфери и донации | 348.484.433 |
| **Вкупни приходи** | **525.651.452** |

**Буџет на Општина Велес (планирани приходи за 2008 година)**




| **расходи** | **Планирани** |
|---|---|
| - плати наемнини надоместоци | 291.324.826 |
| - резерви и недефинирани расходи | 1.000.000 |
| - стоки и услуги | 148.849.268 |
| - субвенции и трансфери | 5.167.500 |
| -капитални расходи | 79.309.858 |
| **Вкупни расходи** | **525.651.452** |

**Буџет на Општина Велес(планирани расходи за 2008 година)**




## Расходи по програми за 2007-2008

| Програми | Планирано 2007 | Реализирано 2007 | Планирано 2008 |
|---|---|---|---|
| Противпожарна заштита | 10.668.300 | 10.316.827 | 12.269.500 |
| Социјална заштита | 23.007.029 | 21.866.195 | 42.550.797 |
| Спорт и рекреација | 2.018.000 | 1.750.837 | 4.473.000 |
| култура | 11.036.021 | 8.074.885 | 23.857.875 |
| Образование | 113.305.477 | 101.913.391 | 294.845.480 |
| Локален економски развој | 15.480.346 | 7.779.171 | 13.457.500 |
| Пр. за урдување на градежно зем. | 58.560.000 | 45.903.827 | 85.080.000 |
| Капитални трошоци на Општината | 5.020.000 | 4.886.805 | 6.000.000 |
| Општинска администрација | 30.386.174 | 26.539.589 | 32.719.700 |
| Месна самоуправа | 20.000 | 11.922 | 20.000 |
| Градоначалник | 1.538.006 | 1.214.604 | 1.677.100 |
| Совет на Општина | 7.917.705 | 6.101.083 | 8.700.500 |
| **Вкупно** | **278.957.058** | **236.359.136** | **525.651.452** |


Планирани расходи по програми за 2007 и 2008 година
2007
2008
Градоначалник
Општинска администрација
Пр. за урдување на градежно зем.
Образование
Спорт и рекреација
Противпожарна заштита
0
50
100
150
200
250
300
350
милиони

# 2 Локална Економија и индустрија

## 2.1 Деловни субјекти

*Извор:Деловни субјекти  Државен завод за статистика Република Македонија*

| состојба | вкупно | претпријатија | Трговски друштва | Трговци поединци | останато |
|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2005 | 3430 | 941 | 1093 | 996 | 400 |
| 31.12.2004 | 3254 | 950 | 979 | 958 | 367 |
| 31.12.2003 | 3104 | 977 | 869 | 901 | 357 |



## Сектори на дејност

| Сектори на дејност (состојба) | 31.12.2005 | 31.12.2004 | 31.12.2003 |
|---|---|---|---|
| Земјоделство, лов и шумарство | 112 | 87 | 84 |
| Рибарство | - | - | - |
| Вадење на руди и камен | 5 | 2 | 2 |
| Преработувачка индустрија | 399 | 390 | 375 |
| Снабдување со елктрична енергија, гас и вода | 1 | 1 | 1 |
| Градежништво | 87 | 82 | 78 |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила, мотоцикли и предмети за лична | 1761 | 1700 | 1621 |
| Хотели и ресторани | 134 | 126 | 110 |
| Сообраќај, складирање и врски | 302 | 285 | 280 |
| Финансиско посредување | 7 | 7 | 6 |
| Активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности | 115 | 106 | 99 |
| Јавна управа и одбрана, задолжителна социјална заштита | 40 | 44 | 44 |
| Образование | 28 | 25 | 24 |
| Здравство и социјална работа | 78 | 65 | 62 |
| Други комунални, културни , општи и лични услужни активности | 361 | 334 | 318 |
| Екстериторијални организации и тела | - | - | - |

Индустриски гранки, производи и услужни дејности  важни за економијата на општина Велес  се :

- Прехрамбена,
- Метало – преработувачка,
- Кожарска и текстилна,
- Градежна,
- Керамичка и,
- Сите видови на услужни дејности.

## 2.2 Попис на капацитетите во угостителството

*Попис на капацитетите во угостителството во Република Македонија, 2003*

*(извор Државен завод за статистика Република Македонија, Скопје 2004)*

| Капацитети во угостителството во Велес | | | |
|---|---|---|---|
| **Угостителски објекти** | **Број на седишта** | **Површина на објектите** | **Број на работници** |
| број | број | мl | вкупно |
| 132 | 6690 | 14 323 | 485 |

| Капацитети за сместување Велес | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Угостителски објекти | | Број на соби | | Број на легла | | Површина на | | Број на | |
| број | % | број | % | Број | % | мl | % | вкупн | % |
| 6 | 1.46 | 226 | 1.40 | 614 | 1.3 | 15 121 | 1.49 | 107 | 2.24 |

**ХОТЕЛИ**

Во Велес има 2 хотели, и тоа х. Романтик (4*)кој располага со 52 легла, како и х. Вила Зора (2*) со 80 легла.

*Туризмот во Велес (извор: Туризам во Република Македонија ,*

*( Република Македонија, Државен завод за статистика)*

**Доаѓање на туристи по години**

| Велес | **1999** | **2000** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| домашни | 5511 | 10 580 | 5452 | 5362 | 6009 | 2749 | 2311 | 2437 |
| странски | 1707 | 11 031 | 3837 | 2177 | 1973 | 1688 | 1491 | 1680 |
| **Вкупно** | **7218** | **21 611** | **9289** | **7539** | **7982** | **4437** | **3802** | **4117** |



**Ноќевања на туристи по години**

| Велес | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| домашн | 10 691 | 16 674 | 13 647 | 13 124 | 11 766 | 7167 | 5831 | 6027 |
| странски | 3208 | 13 621 | 13 387 | 5495 | 4646 | 3615 | 3266 | 3978 |
| **Вкупно** | **13 899** | **30 295** | **27 034** | **18 619** | **16 412** | **10 782** | **9097** | **10 005** |




## 2.3. Продажни капацитети

*Попис на продажни капацитети во трговијата на мало во Велес 2003*

*( извор Државен завод за статистика Република Македонија, 2004)*

| | |
|---|---|
| Број на продавници | 750 |
| Продажен простор | 43 960 |
| Прирачен магацин | 4259 |

| Тип на Објекти | бр објекти | Простор м2 |
|---|---|---|
| Класични продавници | 659 | 32014 |
| самопослуги | 19 | 3317 |
| Салони за автомобили | 1 | 200 |
| бутици | 6 | 112 |
| Киосци | 57 | 417 |
| Стоковни куќи | 1 | 5000 |
| Пумпни станици | 7 | 2900 |
| Вкупно | 750 | 43960 |






## 2.4 Главни претпријатија (според вработувањата и профитот)

Според расположливите податоци, во индустријата на Општина Велес се застапени девет индустриски гранки, односно:

- обоена металургија,
- хемиска индустрија,
- индустрија на керамика и порцелан,
- текстилна индустрија,
- кожарска индустрија,
- металопреработувачка и електро индустрија (индустрија на трајни потрошувачки добра),
- тутунска индустрија,
- индустрија на градежни материјали и

прехранбена индустрија.

- o Листа на најголемите компании кои работаат во општината, со кус опис на нивниот бизнис(сектор/индустрија)

- Брако -Жичани производи и медицинска опрема

Дејност: металопреработувачка

- АД Киро Чучук – Керамичка индустрија

Дејност : керамичка

- АД Жито Вардар – Производство на млинарско-пекарски производи, земјоделство, сточарство и живинарство

Дејност: прехрамбена дејност

- ПИ "Благој Ѓорев" АД Велес – Производство на рафинирани масла и масти

Дејност: прехрамбена дејност

- Тедико Друштво за производство , трговија и промет на прехрамбени производи , транспорт и услуги

- Леов Компани – Производство на бојлери и производи од лим

Дејност: електромашинска

- Жито - Трговија и промет на прехрамбени производи

Дејност: трговија

- АД Димко Митрев – Производство на предмети од крзно и обработка на кожа и крзно

Дејност: преработка на кожа

- Најдобри производствени индустрии (според вредност или други индикатори)

- Брако -Жичани производи и медицинска опрема
- АД Киро Чучук –Керамичка индустрија
- АД Жито Вардар – Производство на млинарско-пекарски производи, земјоделство, сточарство и живинарство
- ПИ "Благој Ѓорев" АД Велес – Производство на

рафинирани масла и масти

- АД Димко Митрев – Производство на предмети од крзно и обработка на крзно

- Леов Компани – Производство на бојлери и производи од лим

- o Најдобри услужни индустрии (според вработени луѓе или други индикатори)

Жито - Трговија и промет на прехрамбени производи (120 вработени )

Снупи – Угостителство( сендвичара, пицерија и ресторант) (50)

- o Најголеми извозни производи (според вредност)

- Жичани производи и медицинска опрема
- Производство на бојлери и производи од лим
- Производство на предмети од крзно и обработка на крзно
- Производство на керамички производи
- прехрамбени производи(маргарин, масло за јадење и др)

- o Најголеми извозни дестинации (според вредност)

Земјите од ЕУ

## 2.5 ЗАНАЕТЧИСТВО

*Извор Регионална Занаетчиска комора Велес 2007*

| Р.б р | Занает |
|---|---|
| 1 | Фризери |
| 2 | Бербери |
| 3 | Столари |
| 4 | Козметичари |
| 5 | Оптичар |
| 6 | Печатење неспомнато на друго место |
| 7 | Слаткари |
| 8 | Молерофарбари |
| 9 | Лимари |
| 10 | Саатчии |
| 11 | Златари |
| 12 | Фотографи |
| 13 | Прецизна механика |
| 14 | Пекари |

**Видови занаети застапени во Велес** (регистрирани во Велешката регионална занаетчиска комора)

Комора - Велес почна да го води регистарот на Занаетчиите сметано од декември 2006 год бидејќи истата има Регионално значење.

Таа е надлежна за повеќе Општини, Кавадарци ,Неготино, Извор, Чашка, Богомила, Градско, Демир Капија и др.

За период од Декември 2006 год до Декември – 2007 само во Општина Велес има регистрирано 181 Занаетчија од сите предходно наведени дејности.

По Законот  занаетчиски дејности кои можат да се регистрираат во регистарот на Занаетчии што го води Регионалната занаетчиска Комора – Велес , можат да се регистрираат 383 дејности.

Најзастапени занаетчиски дејности  во Општина Велес се:

Фризери, Бербери,Пекари,Слаткари,Шивачи-кројачи, молери, поправка на електрични апарати.

**Индустриска зона Речани** се наоѓа во индустрискиот дел од градот.
Оддалеченост од Автопатот Е- 75 - 2 km

Оддалеченост од Центар на градот – 2 km

Оддалеченост од железничката станица – 3 km

Вкупно парцели 18, со можност за спојување.

Големина на парцели од 690 до 1160 м 2

Во фаза е изградба на комунална инфраструктура

**Индустиска зона Мало стопанство Комплекс УЗУС** се наоѓа во индустрискиот дел од градот, во состав на населено место на градот

Оддалеченост од Автопат Е- 75 - 4 km

Оддалеченост од Центар на градот – 2 km

Оддалеченост од железничка станица – 1 km

Вкупно парцели 25, со можност за спојување

Големина на парцели од 720 – 1740 м2

Можност за приклучок на електрична енергија , вода и  канализација.

### 3.6 ОБРАЗОВАНИЕ

Во Општина Велес има доволно образовни институции за задоволување на потребите на граѓаните за основно и средно образование. Во градот има 7основни училишта, 4 средни , едно училиште за образование на деца со лесни пречки во развојот и два Факултета. Потреба од проширување на образовните капацитети постои во насока на високото образование.

Во градот делува и работнички универзитет за дообразование, учење на занаети, странски јазици и нижо музичко училиште, како и интернат за сместување на ученици од средното образование.

Општа констатција е дека и покрај тоа што училиштата главно не се современо опремени, тие сепак ги задоволуваат основните критериуми за образование, со напомена дека во градот се потребни и високо образовни институции.

**Детска градинка**

*Извор : Детска градинка „Димче Мирчев“ - Велес*

Бр на деца кои престојуваат во сите градинки на општината

| **Бр на деца во детските градин** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **X** | **XI** | **XII** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2005 | 481 | 463 | 457 | 470 | 501 | 339 | 221 | 214 | 464 | 468 | 471 | 478 | 5027 |
| 2006 | 439 | 444 | 461 | 496 | 498 | 434 | 383 | 386 | 557 | 578 | 577 | 575 | 5828 |
| 2007 | 567 | 543 | 567 | 615 | 621 | 619 | 503 | 494 | 630 | 640 | 650 | 650 | 7099 |

**Училишта, паралелки, ученици по пол, ученици кои завршиле училипште и наставници**

*Извор : Државен завод за статистика РМ*

## Редовни основни училишта

| година | 2002-2003 | 2003-/2004 | 2004-2005 | 2005-2006 | 2006-2007 |
|---|---|---|---|---|---|
| Училишта | 23 | 23 | 21 | 21 | 20 |
| Паралелки | 255 | 248 | 225 | 250 | 245 |
| Ученици вк | 6338 | 6148 | 5478 | 5786 | 5559 |
| Ученички | 2989 | 2957 | 2641 | 2799 | 2701 |
| Наставници вк | 338 | 332 | 318 | 343 | 337 |
| Од тоа со полно работно време | 334 | 331 | 303 | 323 | 316 |



## Ученици во редовни основни училишта според одд

| година | 2002-2003 | 2003-2004 | 2004-2005 | 2005-2006 | 2006-2007 |
|---|---|---|---|---|---|
| I | 727 | 696 | 632 | 612 | 577 |
| II | 772 | 707 | 615 | 616 | 574 |
| III | 715 | 766 | 637 | 598 | 612 |
| IV | 817 | 717 | 690 | 624 | 595 |
| V | 858 | 902 | 692 | 704 | 646 |
| VI | 812 | 794 | 727 | 640 | 656 |
| VII | 788 | 802 | 738 | 712 | 636 |
| VIII | 849 | 764 | 747 | 728 | 704 |
| Вкупно | 6338 | 6148 | 5478 | 5786 | 5559 |

Во 2006/2007 во вкупниот број на ученици се вклучени и учениците од 0 одделение .

## Редовни средни училишта

| година | 2002/2003 | 2003/2004 | 2004/2005 | 2005/2006 | 2006/2007 |
|---|---|---|---|---|---|
| Училишта | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Паралелки | 104 | 105 | 105 | 105 | 105 |
| Ученици вкупно | 3150 | 3118 | 3076 | 3082 | 3100 |
| ученички | 1534 | 1515 | 1450 | 1491 | 1508 |
| Наставници | 173 | 183 | 188 | 187 | 189 |
| Од тоа со полно работно врмеме | 157 | 161 | 164 | 173 | 170 |




Во Општина Велес работи Работнички универзитет за дообразование, учење на занаети, јазици и компјутери.

**Универзитет „ Св. Климент Охридски “- Факултетот за туризам и организациони науки,дисперзирани студии Велес со насоки за студирање: туризам, гастрономија, осугурување и хотелско ресторанска насока.**

**Универзитет „Св. Климент Охридски “ - Технички факултет со насока за студирање информатика**

**Вкупно студенти**

*Извор Факултетот за туризам и организациони науки Велес и Технички факултет Велес*

| година | Факултетот за туризам и организациони | | | | Технички | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | туризам | гастрономија | осигурување | хотелиерство | Информатика | |
| 2007/2008 | 70 | 30 | 109 | 17 | 123 | 349 |
| 2006/2007 | 51 | 26 | 135 | 17 | 0 | 229 |
| 2005/2006 | 30 | 14 | 50 | 0 | 0 | 94 |




На двата факултета во Велес стуриаат вкупно 672 студенти од кој само од Велес се 407 или 60%.

## Запишани  и дипломирани студенти од Велес на додипломски студии

*( Извор Запишани студенти на додипломски студии и Дипломирани студенти на додипломски студии - Државен завод за статистика Република Македонија)*

| година | 2003/2004 | 2004/2005 | 2005/2006 | 2006/2007 |
|---|---|---|---|---|
| Запишани | 1508 | 1433 | 1559 | 1641 |
| Дипломирани | 141 | 134 | 158 | 217 |



## 3.7 Здравствена заштита

**Здравствени установи во Општина Велес во јавниот сектор**

*Извор ЈЗУ Завод за здравствена заштита Велес*

| | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|
| Здравствени установи во јавен сектор | ЈЗУ Медицински центар | ЈЗУ Медицински центар | ЈЗУ Медицински центар | ЈЗУ Медицински центар | ЈЗУ Медицински центар |
| | ЈЗУ Завод за здравствена заштита | ЈЗУ Завод за здравствена заштита | ЈЗУ Завод за здравствена заштита | ЈЗУ Завод за здравствена заштита | ЈЗУ Завод за здравствена заштита |
| | ЈЗУ Воена амбуланта | ЈЗУ Воена амбуланта | ЈЗУ Воена амбуланта | ЈЗУ Воена амбуланта | ЈЗУ Воена амбуланта |
| | | | | | ЈЗУ Општа болница |

## Здравствени установи во Општина Велес во приватниот сектор

*Извор ЈЗУ Завод за здравствена заштита Велес*

| Типови здравствени установи | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|
| специјалистички | 6 | 6 | 6 | 6 | 9 |
| интернистички | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| гиниколошки | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 |
| општи | 16 | 17 | 18 | 20 | 38 |
| забоздравствени | 4 | 4 | 15 | 21 | 35 |
| рентген стоматолошка дијагностика | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно | 32 | 33 | 46 | 54 | 92 |



**Регистрирани заболувања по дејности 2004**

**Здравствена дејност**- *Извор Анализа на здравствената состојба и здравствената заштита на населението со анлиза на здрвствено-еколошката и епидимиолошкатта состојба на регионот на заводот за здравствена заштита Велес за 2004 год) ЈЗО Завод за здравствена заштита Велес*

| **Регистрирани заболувања по дејности 2004 (општа медицина )** | **јавен сектор** | **приватен сектор** |
|---|---|---|
| респираторен систем | 5596 | 9609 |
| циркулаторен | 4094 | 20224 |
| мускулноскелетен систем | 2649 | 4581 |
| дигестивен систем | 1879 | / |
| генитоуринарен | 1307 | / |

| училишни деца и младина 2004 | јавен сектор | приватен сектор |
|---|---|---|
| респираторен | 4798 | 3411 |
| мускулно скелетен | 1446 | / |
| конгенитални малформации | 752 | / |
| кожа и поткжно | / | 314 |
| дигестивен систем | / | 251 |

| **деца од 0-6 години (2004)** | **јавен сектор** | **приватен сектор** |
|---|---|---|
| респираторен | 18290 | 2950 |
| кожа и поткожно ткиво | 1050 | / |
| фактори | / | 248 |

| жени 2004 | јавен сектор | приватен |
|---|---|---|
| генитоуринарниот | 2567 | 3007 |
| фактори | 1428 | 1784 |
| бременост, породување | 407 | / |

| забоздраствена (2004) | јавен сектор | приватен |
|---|---|---|
| акутен и хроничен | 4016 | 334 |
| дентален кариес | 3837 | 1131 |
| пулпа и периапикално | 2115 | 0 |

| дејност здравствена заштита на работници | јавен сектор |
|---|---|
| респираторен систем | 1120 |
| циркулаторен | 824 |

## Вкупно заболувања во 2004 година во јавен и приватен сектор

| 2004 | Вкупни заболувања | Вкупни заболувања |
|---|---|---|
| Регистрирани заболувања по дејности 2004 (општа медицина ) | 23032 | 55868 |
| деца од 0-6 години (2004) | 23878 | 4144 |
| училишни деца и младина 2004 | 11761 | 5714 |
| жени 2004 | 5156 | 6113 |
| забоздраствена (2004) | 18303 | 2065 |
| дејност здравствена заштита на работници 2004 | 3206 | |



## Преглед на кадри во јавни здравствени организации( сосотојба 31.12.2004)

| вкупно | Здравствени работници | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Со висока стручна спрема | | | | | | | |
| | Лекари | | | | стоматолози | | фармацеути | |
| | вкупно | Општа медицина | На специј. | Специјалисти | вкупно | Од тоа специј. | вкупно | Од тоа специј. |
| 802 | 133 | 29 | 10 | 94 | 41 | 18 | 17 | 1 |

| Здравствени работници | | | | Немедицински |
|---|---|---|---|---|
| Здравствени соработ | Виша стручна спрема | Средна стручна спрема | Ниска стручна спрема | |
| 20 | 32 | 366 | 19 | 174 |

## Здравствени работници во приватни здравствени организации во општина Велес во 2004 година

| вкупно | лекари | | стоматолози | | фармацеути | Фармацеути специјалисти | останати | Виша стручна подготовка | Средна стручна подготовка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Општа меди | специјалисти | Општа стоматологија | специјалисти | | | | | |
| 76 | 16 | 9 | 11 | 1 | 9 | | 3 | | 27 |

**Преглед на лекари специјалисти по специјалност( 31. 12. 2004)**

| специјалност | специјалисти | На специјалистички |
|---|---|---|
| Интерна медицина | 10 | 1 |
| Заразни болести | 5 | |
| пнеумофтизиол | 2 | |
| педијатрија | 12 | |
| неуропсихијатрија | 3 | |
| психијатрија | | 2 |
| неурологија | | 2 |
| Физик. мед. и рех. | 4 | |
| Кожни и вен. Бол. | 1 | |
| радилогија | 4 | |
| Фискултарна медицина | 1 | |
| Општа хирургија | 5 | 1 |
| урологија | 2 | |
| ортопедија | 2 | |
| Абдом. хирургија | 1 | |
| трауматологија | 1 | |
| Анестез. Со реан. | 4 | 1 |
| трансфузиологија | 2 | |
| Гинек. И акушерст | 6 | 3 |
| офталмологија | 3 | |
| ОРЛ | 4 | |
| Патол. анатомија | 1 | |
| Училишна медицина | 6 | |
| епидемиологија | 1 | |
| Микробиол.со | | |
| паразитологија | 2 | |
| Социјал.мед. со | | |
| Орг. Здарв. дејност | 2 | |
| Мед. На трудот | 3 | |
| Општа медицина | 4 | |
| хигиена | 2 | |
| Медиц. биохемија | 1 | |
| вкупно | 94 | 10 |

## Преглед на стоматолози по специјалност во Велес

## ( состојба 31.12. 2004 год)

| специјалност | специјалисти | На специјалистичк |
|---|---|---|
| Болести на устата | 2 | |
| Прев. Детска стом | 5 | |
| Орална хирургија | 2 | |
| Ортопедија на вилица со | 4 | |
| протетика | 4 | 1 |
| Болести на забите | 1 | |
| Општа стоматологија | | |
| вкупно | 18 | 1 |

## Фармацеути специјалисти ( состојба 31.12. 2004 година)

| специјалност | специјалисти | На специјал. |
|---|---|---|
| Фармац. технологија | 1 | / |
| Мед. биохемија | 1 | / |
| Вкупно | 2 | / |

**Постигнати стандарди на обезбеденост со лекари и здравствени работници со виша и средна стручна подготовка во Велес ( состојба 31.12. 2004)**

| вкупно | Од тоа | | | Насление на еден лекар | | Здравствени работници со виша и средна стручна подготовка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | специјалисти | На специјал | Општа медицина | На лекари вкупно | На лекари од општа медицина | број | На 1 лекар |
| 133 | 94 | 10 | 29 | 500 | 2295 | 398 | 3.0 |

**Регистрирани заболувања по дејности 2006**

**Здравствена дејност** ( *извор Анализа на здравствената состојба и здравствената заштита на населението со анлиза на здрвствено-еколошката и епидимиолошката состојба на регионот на заводот за здравствена заштита Велес за 2006 год) ЈЗО Завод за здравствена заштита Велес*

| Регистрирани заболувања по дејности 2006 (општа медицина ) | јавен сектор | приватен сектор |
|---|---|---|
| респираторен систем | 4377 | 8460 |
| циркулаторен | 4436 | 18229 |
| мускулноскелетен систем | 2389 | 4316 |
| дигестивен систем | 1416 | / |
| генитоуринарен | / | |
| душевни растројства | / | 3868 |

| деца од 0-6 години (2006) | јавен сектор | приватен сектор |
|---|---|---|
| респираторен | 16777 | 2642 |
| кожа и поткожно ткиво | 1000 | 165 |
| фактори | / | 217 |
| инфективни и паразитарни заб. | 849 | / |

| училишни деца и младина 2006 | јавен сектор | приватен сектор |
|---|---|---|
| респираторен | 4035 | 2778 |
| мускулно скелетен | 1251 | / |
| конгенитални малформации | 720 | / |
| кожа и поткжно | / | 292 |
| дигестивен систем | / | |
| повреда, труење | / | 4473 |

| жени 2006 | Јавен сектор | приватен сектор |
|---|---|---|
| генитоуринарниот | 3247 | 3068 |
| фактори | 1312 | 2635 |
| бременост, породување и пуепериум | 594 | |
| инфективни и паразитарни | | 1040 |

| Забоздраствена (2006) | Јавен сектор | приватен сектор |
|---|---|---|
| акутен и хроничен перидонтит | | 6069 |
| дентален кариес | 722 | 11572 |
| пулпа и периапикално ткиво | 379 | 4357 |
| други заболувања | 418 | |

| дејност здравствена заштита на работници 2006 | јавен сектор |
|---|---|
| респираторен систем | 1380 |
| циркулаторен | 522 |
| Кожа и поткожно ткиво | 237 |

| **2006** | **Вкупни заболувања (јавен сектор)** | **Вкупни заболувања (приватен** |
|---|---|---|
| Регистрирани заболувања по дејности 2006 (општа медицина ) | 20103 | 52850 |
| деца од 0-6 години (2006) | 21726 | 3712 |
| училишни деца и младина 2006 | 9510 | 9224 |
| жени 2006 | 6008 | 7480 |
| забоздраствена (2006) | 2917 | 29719 |
| дејност здравствена заштита на работници 2006 | 3057 | / |




## Вкупно Медицински работници во 2006

| Велес | вкупно | високо | лекари | стоматолози | фармацевти | здравствсорабо | виШа стручна спрема вкупно | медицински сестри виШа | средна стручна спрема | медиц сестри | нижа | адаминистративни работници и тхе персонал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 775 | 258 | 177 | 52 | 5 | 24 | 37 | 17 | 365 | 219 | 21 | 94 |

**Медицински работници и извршена работа во дејноста за општа медицина во 2006 година**

| Пацинети според местотот на живеење (гра-село) по општини | Медицински работници | | | | | | Посети во ординација | | | Дневен просек на вкупни посети по лекар | Дневен просек на први посети по лекар | дневен просек на услуги по сестра | Посети на 1000 жители над 20 години |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лекари | | Виша стручна спрема | | Средна стручна спрема | | Кај лекар | | | | | | |
| | Општа медицина | специјалисти | вкупно | Од тоа меди.сестри | вкупно | Од та медиц.сестри | вкупно | Од тоа први | Кај останати медицински работници | | | | |
| Вкупно | 21 | 3 | 2 | 2 | 16 | 16 | 112203 | 41521 | 43216 | 20.3 | 7.5 | 10.4 | 2762 |
| Град | 20 | 3 | 2 | 2 | 15 | 15 | 92627 | 33847 | 37495 | | | | |
| Село | 1 | | | | 1 | 1 | 19576 | 7674 | 5721 | | | | |

## Специјалистичка дејност во Велес за 2006

| Пациенти според местото на живеење ( гра-село) по општини | Медицински работници | | | | | | Посети во ординација | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лекари | | Виша стручна спрема | | Средна стручна спрема | | Кај лекар | | | Дневен просек на вкупни посети по лекар | Дневен просек на први посети по специјалисти | дневен просек на услуги по сестра | Посети на 1000 жители |
| | Опш медицина | специјалисти | вкупно | Од тоа мед. сестри | вкупно | Од та медиц. сестри | вкупно | Од тоа први | Кај останати медицински работници | | | | |
| Вкупно | 2 | 23 | 10 | 1 | 28 | 24 | 135678 | 86747 | 101901 | 23.6 | 15.1 | 11.7 | 2799 |
| Град | 2 | 23 | 10 | 1 | 28 | 24 | 10765 | 63423 | 78442 | | | | |
| Село | | | | | | | 34913 | 23324 | 23467 | | | | |

## Приватни Општи Амбуланти Велес за 2006 (извршена работа)

| | Медицински работници | | | | Посети во ординација | | | Дневен просек на вкупни посети по лекар | Дневен просек на први посети по лекар | дневен просек на услуги по сестра | Посети на 1000 жители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лекари | | Средна стручна спрема | | Кај лекар | | | | | | |
| | Општа медицина | специјалисти | вкупно | Од та медиц. сестри | вкупно | Од тоа први | Кај останати медицински работници | | | | |
| Вкупно извршена работа | 22 | 1 | 22 | 19 | 89975 | 63292 | 20684 | 17.0 | 12.0 | 4.1 | 1352 |
| Општа медицина | 22 | 1 | 22 | 19 | 78559 | 54634 | 19289 | 14,9 | 10.3 | 3.8 | 1621 |
| Деца од 0-6 год | | | | | 4998 | 3692 | 490 | 0.9 | 0.7 | 0.1 | 947 |
| Училишни деца и младина | | | | | 6418 | 4966 | 905 | 1.2 | 0.9 | 0.2 | 502 |

Приватни Ординации за заштита и лекување на уста и заби за 2006 (извршена работа)

| | Медицински работници | | | Посети во ординација | | Дневен просек на вкупни посети по лекар | Дневен просек на први посети по лек | Посети на 1000 жители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лекари | | Средна стручна спрема | Кај лекар | | | | |
| | Стоматолози | специјалисти | ЗАбни асистенти | вкупно | Од тоа пппрви | | | |
| Возрасни | 23 | 3 | 19 | 30639 | 22934 | 5.1 | 3.8 | 632 |
| Училишни | | | | 6434 | 5351 | 1.1 | 0.9 | 503 |
| Од 0-6 | | | | 825 | 701 | 0.1 | 0.1 | 156 |

## 1.8 Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица во Велес

*Извор: Социјална заштита на деца, млади и возрасни лица во РМ, Државен завод за статистика*

**Малолетни корисници на социјална заштита**

| Велес | вкупно | Со загрозени семејни прилики | Со нарушување во однесувањето и личноста | Попречени во психичкиот развито | Попречени во физичкиот развиток | други |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2003-2004** | 534 | 86 | 70 | 259 | 87 | 32 |
| **2004-2005** | 589 | 100 | 74 | 295 | 104 | 16 |
| **2005-2006** | 727 | 120 | 133 | 317 | 120 | 37 |
| **2006-2007** | 833 | 153 | 188 | 329 | 129 | 34 |


Малолетни корисници на социјална заштита
други
Попречени во физичкиот развиток
Попречени во психичкиот развиток
Со нарушување во однесувањето и личноста
Со загрозени семејни прилики
0
100
200
300
400
2006-2007
2005-2006
2004-2005
2003-2004


Вкупен број на малолетни корисници на социјална помош 2003-2007
Велес години
1000
800
600
400
200
0
534
589
727
833
2003-2004
2004-2005
2005-2006
2006-2007
години

## Полнолетни корисници на социјална заштита

| Велес | вкупно | Со нарушувања во однесувањето | Физички и психички попречени | Материјално необезбедени | Страи лица материјално социјално загорзени | други |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2003-2004** | 1265 | 8 | 155 | 57 | 892 | 153 |
| **2004-2005** | 1456 | 13 | 173 | 65 | 1000 | 205 |
| **2005-2006** | 1425 | 9 | 125 | 61 | 942 | 288 |
| **2006-2007** | 1650 | 9 | 171 | 67 | 1060 | 343 |






## Додатоци за деца

| Велес | Додаток за деца | | Корисници на посебен додаток | |
|---|---|---|---|---|
| | Број на деца | Број на семејства | Број на деца | Број на |
| **2003-2004** | 428 | 247 | 28 | 23 |
| **2004- 2005** | 1906 | 1126 | 148 | 144 |
| **2005-2006** | 1353 | 794 | 182 | 177 |
| **2006-2007** | 1689 | 1045 | 211 | 200 |



## 3.9 КУЛТУРА

### Култура

Во средниот век Велес е лулка на културата на балканот. Тука е напишан првиот драмски текст на македонски јазик од преродбеникот и учител Јордан Хаџи Константинов Џинот, во Велес на театарската сцена прв пат настапила жена, првата гимназија на Балканот е во Велес, и првата библиотека, и првото училиште, и првиот музеј, и првиот фотограф, и социјалист и.т.н.

### 3.9.1 Манифестации

**Кочо Рацин**

- синонимот на Велес синтеза од емоции, разум, бит и космополитност, филозофот, револуционерот и поетот е првиот македонец кој збирката песни **„Бели Мугри”** ја отпечатува на македонски јазик и ги поставува темелите на современата македонска литература и култура.

Велес изобилува со стара архитекура, тука се Спомен куќите на:Кочо Рацин ,Васил Главинов, Јордан Хаџи- Константинов Џинот и Касапови.

Културните манифестации:

- Меѓународна поетска манифестација “ Рацинови средби”,
- Меѓународен фестивал на античка драма” Стоби” ,
- Меѓународен фолклорен фестивал “ Велес” ,
- Сликарска колонија “ Еко- Арт”- Велес.

**Меѓународна поетска манифестација „Рацинови средби”**

Од 1964 година, Велес е домаќин на поетите од Балканот кои, во родниот град на основоположникот на современата македонска поезија и литература Кочо Рацин, го слават битот на поетскиот збор. Покрај презентацијата на поетското творештво во рамките на манифестацијата „Рацинови Средби” се одржуваат и научни собири посветени на животот и творештвото на Рацин. На манифестацијата традицинално се доделува Рациново призние за најуспешно литературно остварување помеѓу две манифестации како и почесното Рациново признание кое се доделува за научни трудови, преводи и други дела посветени на творештвото на Кочо Рацин. Секоја година манифестацијата се збогатува со разни содржини како

настапи на истакнти музички уметници, изложби, саеми на книги. На нив учествуваат музичари и групи од Македонија и од соседството.

**Мегународен фестивал на античка драма „Стоби”**

Со цел да се зачува традицијата на античкиот театар, со изведба на антички театарски текстови на древната сцена во Стоби, од 1992 година, на иницијатива на актерите при велешкиот театар, во летните периоди се оддржуваат претстави во античкиот амфитеатар. Од 2001 година оваа традиција прерасна во Меѓународен фестивал на античка драма, која секоја година привлекува се поголем број на театарски уметници од светот. Фестивалот е атракција не само за велешани, туку и за љубителите на театарот од целата држава за што сведочи огромниот број на посетители кој се движи од 2500 до 3000 по претстава. На фестивалот традиционално се доделува наградата за најдобра претстава, наградата за режија како и наградите најдобри актери. Древната сцена во Стоби е особено привлечна за театарските уметници поради можноста за креација на вистински спектакли во древниот амбиент на античкиот амфитеатар и оживување на текстовите на Софокле, Аристофан, Еврипид и други антички автори.

**Меѓународен фолкорен фестивал „Велес”**

Долгата традиција на негување на македонскиот фолклор во Велес ги поттикна културните работници да го основаат Меѓународен фолклорен фестивал „Велес”. Првото издание на фестивалот се одржа во 2004 година со учество на фолклорни ансамбли од Македонија, Република Бугарија, Словенија, Србија и Црна Гора. Фестивлот го привлече интересот на јавноста со богатиот фолклорен колорит на народите и убавината на народното музичко творештво што фолклорните ансмбли ги презентираат на повеќе локации во градот. Особено внимание кај посетителите привлекува дефилето на учесниците на фестивалот низ велешките улици.

**Сликарска колонија „Еко-Арт” Велес**

Од 1998 година, на иницијатива на домот на културата во Велес, во живописните предели на село Горно Врановци, традиционално се одржува меѓународната сликарска колонија „Еко арт”. Оваа меѓународна ликовна мнифестација е поттикната од желбата на уметниците да помогнат во решавањето на еколошките проблеми на велешани. Учесниците на колонијата имаат можност во услови на крактеристични природни амбиенти да создаваат дела со длабока еколошка порака, вградувајќи во нив елементи од непосредниот урбан и природен амбиент на градот и околината. Колонијата го привлекува интересот на голем број уметници од Балканот и пошироко чии дела се изложуваат на постановка посветена на делата создадени на оваа сликарска колонија.

### 3.9.2 Културни институции

**Театар „Јордан Хаџи-Константинов Џинот”**

Познатиот антички – римски театар кој функционирал во древниот град Стоби пред две илјади години е дел од театарската традиција на овие простори. Традицијата ја продолжува просветителот и преродбеник Јордан Хаџи - Константинов Џинот чии напишани драмски текстови во 1845 година му го обезбедија приматот на основоположник на современиот театарски текст. Во познатиот центар на вековната театарска традиција, во градот Велес, од 1948 година работи професионален театар. Театарот денеска е стожер на културниот живот во Велес, со во просек, шест премиери годишно. Особено внимание кај тетарската публика привлекува постојаната актерска екипа која досега има освоено награди на бројни домашни и меѓународни фестивали. Малубројниот, но компактен ансамбл негува различни театарски жанрови и е носител на активностите за враќање на театарската традиција на сцената во древниот Стоби. Со цел да се зачува долгата театарска традиција и да се обезбедат услови за работа на новите генерации актери, режисери и сценски уметници, изготвен е проект за изградба на комплексен објект- Центар за култура, во кој ќе биде сместен новиот театар.

**Матична библиотека „Гоце Делчев”**

Некогаш првата библиотека во Македонија, денес матична библиотека „Гоце Делчев”-Велес, веќе 31 година е сместена во центарот на градот, во простор поделен на два дела. Во едниот дел се сместен библиотечниот фонд за возрасни и е поставена импровизирана читална, а во вториот дел се наоѓа одделението за деца. Матичната библиотека располага со библиотечен фонд од околу 10.000 книги и публикции. Библиотеката се грижи за набавка, обработка и одржување на библиотечниот фонд, негово користење и издавање. Покрај бисерите на македонската, европската и светската литература, таа располага и со мало роднокрајно одделение во кое се чуваат сите значајни досега објавени дела посветени на Велес низ историјата. За своите читатели, библиотеката нуди и дневни весници и списанија. Во моментов матичната библиотека „Гоце Делчев” има 3.500 редовни читатели, а нејзините услуги ги користат околу 10.000 граѓани од сите националности и возрасти. Библиотеката располага и со литература на англиски и француски јазик. Со цел матичната библиотека во Велес да се приближи до европските стандарди за библиотечно работење во Европа, тековно се работи на обезбедување на нов простор за вршење на библиотечната дејност, компјутеризација и создавање на база на податоци за библиотечниот фонд.

### Народен музеј

Објектот со специфична градска архитектура што го краси центарот на Велес, е седиште на велешката историја и култура. Овој прв повоен музеј во Македонија е отворен во далечната 1946 година. Сите посетители секој ден од 8-12 и од 16 до 20 часот имаат можност да ги видат вредните експонати изложени во археолошкото, историското, етнолошкото и одделението за историја на уметноста. Музејот располага со околу 3000 експонати од кои во постановките се изложени 1000. Особен интерес привлекува етнолошкото одделение каде се изложени раскошни градски и селски носии како и ентериери уредени според старата велешка архитектура. Интерес привлекуваат и останатите поставки, особено археолошкото одделение кое изобилува со експонати пронајдени на археолошките локалитети во регионот на Велес. Народниот музеј располага и со три спомен куќи, меморијален комплекс во село Горно Врановци и спомен костурница. Во рамките на стратегијата за развој музејот предвидува отворање и на палеонтолошко одделение во кое ќе бидат конзервирани експонати од времето на палеолитот со кои изобилува регионот на Велес.

### Кино „11-ти Октомври"

Љубителите на филмската уметност, во Велес имаат можност да ги проследат најновите филмски хитови, но и евергрините во киното 11 Октомври. Во летните периоди, кино проекциите се одвиваат на летна кино тераса адаптирана за овој период од годината. Филската уметност има долга историја во Велес. Во градот работеле и денес работат неколку режисери аматери кои претежно реализираат документарни и кратки филмови. Во Велес се реализирани и 7 проекта од македонската кинематографија.

## 3.9.3 Спомен куќи

### Спомен куќа на Кочо Рацин



Куќата на еден од најголемите поети во периодот помеѓу двете светски војни Коста Солев – Рацин во 1962 година е целосно реставрирана. Приземјето е изградено од камен, на катот доминира фасада со бела боја, а

покривот е висок и покриен со керамиди. Двокрилна порта од дрво води во тремот решен како мал простор кој ги спојува катот, фурната, чардаците и грнчарската работилница. Работилницата има голема површина, а во нејзинот под има мала скривница. Чардакот на куќата е споен со фурната. На спротивниот крај чардакот со скали води кон повисок чардак. Во спомен куќата на Рацин денеска се наоѓаат негови оригинални ракописи и голем број други спомени за неговиот живот и дело.

**Спомен куќа на Васил Главинов**



Спомен куќата на првиот пропагатор на социјалистичките идеи во Македонија Васил Главинов, денес е музеј посветен на неговиот живот и дело. Куќата се смета за еден од најубавите белези на старата велешка архитектура. На првиот кат од куќата се наоѓа чардакот кој од левата страна продолжува во гостинска одаја. Од десната страна на чардакот има две други простории. Гостинската одаја има врата со правилна форма. Прозорците се со хоризонтални и вертикални пречки, а завршуваат во баркона форма. На вториот кат се наоѓа чардак со неправилна форма.

**Спомен куќа на Јордан Хаџи-Константинов Џинот**



Куќата на еден од најзначајните македонски просветители и преродбеници Јордан Хаџи Константинов-Џинот е изградена на левата страна на реката Вардар, во велешкиот сокак. Куќата се одликува со специфична сатроградска архитектура во која доминираат ѕидови од кршен камен, жолта фасада, дрвени столбови и дрвена ограда со тобозани. Чардакот е динамичен, на три нивоа и во квадратна форма се надвиснува над високиот камен. Поради специфичната староградска архитектура и

историското значење на куќата на еден од најголемите преродбеници, Министерството за култура и Заводот за заштита на спомениците на културата оваа куќа ја прогласија за споменик на културата. Општина Велес тековно работи на реставрација на куќата која ќе биде претворена во спомен музеј посветен на животот и делото на Јордан Хаџи Константинов-Џинот.

**Градски саат**



Изградена во првата половина на ЏВИ век, кулата во централното градско подрачје служела како осматрачница за отоманските власти. Кон крајот на ЏВИИИ век, во периодот на преродбата во Велес, кулата била претворена во градски саат. Оттогаш камбанаријата на саатот е постојан потсетник за времето за граѓаните на Велес. Со својата специфична архитектура, оваа градба од камен со раскошен врв денес е неодминлив симбол на Велес, присутен и на грбот и знамето на градот. Кулата овозможува убав поглед на централното градско подрачје. Ентериерот кој е израз на древната игра на дрвото и каменот ја прави оваа туристика атракција уште поинтересна. Градскиот саат кој им одолеал на вековите, веднаш го привлекува вниманието на љубителите на специфичната урбана архитектура.

**Спомен костурница**



Импозантниот споменик изграден во 1979 година веднаш над влезот во Велес, од неговата десна страна, е вечен дом на стотина велешки борци кои во втората светска војна загинаа за остварување на вековниот сон за слобода на македонскиот народ. Споменикот, изграден во форма на афионов цвет е дело на академскиот вајар Љубомир Денковиќ и архитектот

Саво Суботин од Србија и Црна гора. Во централниот дел на внатрешноста е поставен симболот на слободата во форма на расцветано дрво, додека по сите страни од ѕидовите е распослан најголемиот мозаичен комплекс во Македонија, дело на академскиот сликар Петар Мазев. На вкупна површина од 220 $м^2$, преку една композиција составена од пет слики, авторот ја насликал историјата на македонскиот народ од Илинденската епопеја преку социјалните превривања меѓу двете светски војни,периодот на народно ослободителната војна и сенародното востание, се до победата над фашистичкиот окупатор, повоената изградба на Македонија и слободата како врвна придобивка. Мозаикот е направен од природен и вештачки камен од венецијанска паста, во повеќе бои, преку кои едни од други се одвојуваат симболите и формите.

**Споменици на Кочо Рацин**



Во чест на патронот на велешката Гимназија, во 1968 година на Кочо Солев Рацин во неговиот роден град за прв пат му е поставен споменик. Споменикот е дело на академскиот вајар Димко Тодоровски кој преку преку надприродната големина на фигурата на Рацин направил обид за претставување на големината на македонскиот народ. Изработен е од глина и излиен во бронза. Традиционално пред него секоја година во Велес започнува меѓународната средбата на поетите посветена на делото на ненадминливиот поет и револуционер.

И во центарот на Велес, наспроти градскиот саат се издига споменик на основоположникот на современата македонска поезија Кочо Солев Рацин. Споменикот поставен во 2002 година е дело на акдемик Томе Серафимовски. Висок е 2,80 метри и тежок 500 килограми. Фигурата на Рацин е излеана во бронза. Споменикот е донација на македонскиот бизнисмен Трифун Костовски.

**Споменик на Гемиџиите**



На левиот брег на реката Вардар, на уредено плато на кејот се издига споменикот посветен на Гемиџиите. Споменикот е поставен во чест на големиот јубилеј „100 години Илинденско востание - 100 години македонска државност”. Импозантниот споменик висок 6,5 метри, претставува сплет од 12 зраци што ги симболизираат дванаесетмината Гемиџии, кои во предвечерјето на Илинденското востание ги извршија познатите Солунски атентати, во обид да го свртат вниманието на Европа кон македонското прашање. Споменикот е дело на академскиот скулптор Станко Павлевски. Крај споменикот е поставена плоча со имињата на гемиџиите на која е испишана нивната историска порака „Се арчиме за Македонија”.

**Споменик на Панко Брашнар**



Поставен е во новиот дел на градот на плато во непосредна близина на гарнизонот „Алексо Демниевски - Бауман”. Со пропорционална фигура споменикот го отликува делото на големиот македонски револуционер и прв претседател на Президиумот на АСНОМ, Панко Брашнар. Споменикот поставен во 2004 година, е дело на академскиот скулптор Петар Хаџи Бошков. Изработен од блок од мермер, со постаментот споменикот е висок над 4 метри. Идејата на скулптурата е да покажува повеќе фази од животот и делото на Панко Брашнар.

**Споменик на велешките илинденци**



„Војвода на коњ”, поставен во центарот на градот, помеѓу градскиот саат и споменикот на Кочо Рацин, посветен на велешките војводи, учесници во ослободувањето на Крушево и создавањето на славната Крушевска Република: Јован Наумов - Алабакот, Александар Димов - Докурчев и Тодор Христов - Офицерчето и на сите борци за слобода на Македонија.

Мономенталниот споменик е дело на академскиот склуптор Ангел Коруновски, излиен е во бронза, тежок два тони и заедно со постаментот е вискок 6 метри.

## 3.9.4 Црквите во Велес

**Црквите во Велес како културно историски споменици Црквата Свети Пантелејмон**



Градската соборна црква Св.Пантелејмон се наоѓа југозападно од градот, на неколку стотини метра оддалечена од последните куќи во една длабнатина. Теренот, на кој е поставена, прилично е стрм, особено од запад-ната страна, каде што над црквата високо се издига ридот Вршник, а од источната стрмо се спуш-та во Велешката клисура, дури до брегот на Вардар и главниот пат кон југ. Заради тоа соѕидана е подлога за црквата, а како бедем од источната страна изграден е потпорен ѕид од деклан камен, како кај одбранбените тврдини. Изгледот на црквата е чудесен и

карактеристичен, бидејќи, гледан од западната страна на градот, таа е скриена меѓу полите на Вршник, а од источната страна изгледа како некое орлово гнездо, поставена спротивно на црквата Св.Спас во панорамата на градот.

Во дворот на црквата, при самиот влез, поставена е камбанаријата, а десно од неа во правец на црквата се изградени неколку зградички, кои служат за разни потреби. Камбанаријата е подигната во 1904-1905 година и покрај тоа што турските власти се противеле. Така во 1905 година за прв пат по неколкуте векови заѕвониле камбани, повикувајќи ги верните на служба Божја, за која цел дотогаш служеле црковните клепала. Сиот овој комплекс преставува нераздвојна целина, како некоја оаза во тој карпесто-непристапен терен. Црквата има два влеза: еден од север, а другиот од југ. Во дворот има разгранети стари јавори. Денешен изглед датира од 1837-1940 година.

За време околу 4 години (1837-1840) црквата била оспособена за богослужба.

**Црквата Свети Спас**



Во подножјето на ридот Рамина е изградена црквата Св.Спас. Таа е во непосредна близина на градот, југоисточно, само на стотина метри оддалечена од последните градски куќи. Како таква, таа има отворен видокруг кон долината на Вардар од задната страна и претставува спротивност на црквата Св.Пантелејмон, која се наоѓа на западната страна преку Вардар.

**Црквата Св.Богородица**



Црквата Св.Богородица се наоѓа на источната страна од градот во

месноста Дервен, каде што порано живееле извесен број влашки семејства, така што и нивната улица почнале да ја викаат ,,Влашко маало“. Надворешниот изглед на црквата не е впечатлива архитектура, повеќе личи на поголема зграда, отколку на црква, па според тоа и не припаѓа на некој посебен црковен стил. Најболно прашање за Власите било тоа што тие немале своја црква. Бидејќи во 1874 година не успеале на присилен начин да ја присвојат црквата Св.Спас, во 1882 година започнале со градењето на своја црква- Св.Богородица. Оваа година е втисната и на сребрениот крст за рачна употреба, а кој подолго време се наоѓа на светиот престол во олтарот на црквата, како дар од некој член на влашкото семејство Дочеви, кои имале аптека во Велес. На завршните работи во 1905 година и овде работела тајфата на прочуениот мајстор Дамјан, синот на Андреја, мајстор градител од семејството Рензовци-Зографовци во Велес. Најпосле Власите се здобиваат со своја црква, Св.Богородица, која населението ја нарекло ,,Влашка црква“. Уште од самиот почеток богослужението во неа се вршело на грчки јазик со одобрение и благослов од владиката во Велес.

**Црква Св. Петка**



Се наоѓа на југ од градот, од десната страна на патот за Градско. Ова здание прво, беше Параклис, за некаде во деведесетите години од минатиот век да се преуреди и догради во помала црква. Постоењето на Параклисот не е точно утврден,но се претпоставува дека е од понов период

**Црква Св. Никола**



Малата црквичка Св. Никола е доградена на околу стотина метри јужно од манастирот Св. Димитрија, над висната над самиот пат, кој кривулесто се провлекува кон Градско. Како и другите мали храмови, така и овој, посматран од надворешната страна ни малку не прилега на црква, туку како на некоја одбрамбена тврдина, чија големина изнесува околу 20 м 2 .

Според мислењето на постарите Велешани, слични црквички по облик и димензија, постоеле и по други места на Велешко како и во Стариот Град. Инаку ни за овој храм како и за спомнатите не постојат историски податоци.

Можеби и оваа црква му припаѓала на некој манастир, а веројатно на манастирот Св. Димитрија, во чија близина и се наоѓа. Инаку, што се однесува до нејзиното потекло, ако овој храм се спореди со другите од оваа област и нивните фрески по ѕидовите, може да се констатира оти храмот потекнува ве ројатно уште од Џ век, или нешто подоцна. До таков заклучок доаѓаат уметниците и археолозите, кои црквичката ја идентификуваат со Маркова Меана.

**Црква Св. Недела**



